Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 49 (четириесет и девет) дрва (48 чемпреси и дудинка), што се наоѓаат **на ул. “Љубљанска” на трасата пред мостот од десна страна на река Вардар – Скопје.**
2.Пресадувањето на дрвата ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Пресадувањето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Презасадувањето треба да биде на територија на Општина Карпош.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **13-сл** од **23.01.2023** година, за презасадување на дрвата што се наоѓаат **на ул. “Љубљанска ” на трасата пред мостот од десна страна на река Вардар – Скопје.**
Службеникот, од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **24.01.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето, се јавно зеленило и дека се наоѓаат на трасата за изградба на ул.Љубљанска фаза 1, како што е наведено во Правосилно Одобрение за градба Бр. 13-8030/1 од 30.08.2021 год. издадено од Град Скопје.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утвредуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосолно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој огран има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) од страна на ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **13-сл/2**
**26.01.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, Архива

изготвил:

______________________
**Марија Стојановска**

контролирал:

______________________
**Раководител на Одд.**
**Емил Ѓуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**